**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

**Одлука**
**за промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје**

**Член 1**

Се врши промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје.

**Член 2**

Новото седиште на Банката е на ул. „Васил Иљоски“ бр. 3 во Скопје.

**Член 3**

Се овластува Управниот одбор на Банката до Народната банка на Република Северна Македонија да поднесе Барање за согласност за промена на седиштето на Банката.

Се овластува Управниот одбор на Банката по стапувањето во сила на оваа одлука, да ја поднесе пријавата за упис во Трговскиот регистар и пред надлежните институции да ги спроведе останатите активности поврзани со промената на седиштето.

**Член 4**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа одлука по евентуално барање на Народната банка на Република Северна Македонија и други институции надлежни за спроведување на уписот, како и измени кои имаат технички карактер или се резултат на промени во законската и во подзаконската регулатива.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила со нејзиното усвојување од Собранието на Банката и по добивање согласност за промена на седиштетото на Банката од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

**О б р а з л о ж е н и е**
**кон Предлог-одлуката за промена на седиштето**
**на Комерцијална банка АД Скопје**

Комерцијална банка АД Скопје врз основа на допрен глас се обрати до Град Скопје, Сектор за комунални работи, во врска со промена на називот на дел од улицата „Орце Николов“ во „Васил Иљоски“.

Град Скопје, Сектор за комунални работи, на 02.12.2022 година до Банката достави Уверение со кое потврдува дека објектот во кој е сместено седиштето на Банката, а кој се наоѓа на КП 11998/9 КО Центар 1, ул. Орце Николов бр. 3 е на ул. Васил Иљоски и носи бр. 3, Скопје.

Промената на називот на дел од улицата Орце Николов е направена со „Одлука за определување и промена на имиња на улици, мостови и плоштади на Град Скопје бр.27-2792/1“, донесена на 67-та седница на Советот на Град Скопје одржана на 30.03.2021 година.

Согласно член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката е надлежно да донесе Одлука за промена на седиштето на Банката која ќе стапи во сила по добивање согласност од Гувернерот на НБРСМ за промена на седиште. Имајќи го предвид наведеното, предлагаме Собранието на Банката да ја донесе предложената Одлука за промена на седиштето на Комерцијална банка АД Скопје.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**НА БАНКАТА**